
СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА
5
ВИКТОР
ВЕЛЕВСКИ
за Кавадарци
СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„ВЕТУВАМ ДЕКА СЕКОЈ ДЕН ЌЕ СЕ БОРАМ КАВАДАРЦИ ДА БИДЕ ПОДОБРО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ – ЗА НАШИТЕ ДЕЦА, ЗА НАШИТЕ РОДИТЕЛИ, ЗА СЕКОЈ ЧОВЕК ШТО ГО НАРЕКУВА ОВОЈ ГРАД СВОЈ ДОМ“

**Почитувани сограѓани, драги кавадарчани,**

Со голема чест, одговорност и искрена љубов кон мојот роден град, ви се обраќам како кандидат за градоначалник на Општина Кавадарци.

Моето име е Виктор Велевски – човек што живее и го сака Кавадарци.

Го знам секое ќоше на нашиот град, секоја улица, секоја приказна од старите маала и секој чекор што води кон иднината што заедно можеме да ја изградиме.

Одлучив да ја прифатам оваа кандидатура затоа што верувам дека Кавадарци заслужува повеќе. Верувам дека нашиот град има потенцијал да биде пример за развој, заедништво, иновација и одржливост. Не се кандидирам за да бидам дел од политичкиот систем .

Се кандидирам за да бидам во служба на луѓето.

Се кандидирам за да ја водам нашата општина со чесност, транспарентност и визија, во која секој глас, секоја идеја и секој човек се вреднувани.

Почитувани, јас не ветувам невозможни чуда.

Јас ветувам чесна и посветена работа.

Ветувам дека секој ден ќе се борам Кавадарци да биде подобро место за живеење – за нашите деца, за нашите родители, за секој човек што го нарекува овој град свој дом.

Јас сум Виктор Велевски.

И не барам само ваша поддршка.

Барам ваша соработка.

Заедно можеме да изградиме модерен, зелен, хуман и успешен град Кавадарци.

Ви благодарам од срце!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Кавадарци

Почитувани сограѓани,
Ви се обраќаме со должна почит и јасна порака, нашата заложба како советничка група во Советот на Општина Кавадарци е да бидеме ваш глас.
Наш приоритет ќе бидат потребите на граѓаните.
Ќе работиме посветено на реализација на сите проекти што сме ги ветиле.
Кавадарци, кое нуди поддршка за младите, за земјоделците, за малите бизниси, а не за олигархијата и крупниот капитал.
Ќе бидеме конструктивен, но и буден коректив на градоначалникот, без разлика на неговата политичка припадност.
Советот не смее да биде сервис на градоначалникот, туку независно тело што ќе обезбеди отчетност, транспарентност и работа во интерес на сите граѓани.

1. Вуко Мелов
2. Горан Тодоров
3. Валентина Бањанска
4. Слободанка Филипова
5. Герасим Лазов
6. Даниела Ивановска
7. Александар Митрев
8. Оливера Левова
9. Весна Карова
10. Петре Стојанов
11. Славица Стефанова
12. Горан Ивановски
13. Сузана Филипова
14. Зоран Михов
15. Перо Стојанов
16. Бобан Сотиров
17. Цветанка Настова
18. Васко Голчев
19. Ристе Најдов

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, заковените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

Досега СДСМ немала локална власт во Кавадарци, но за време на централната власт предводена од СДСМ се реализирани голем број проекти, и тоа:

- Рехабилитација на патниот правец Кавадарци – Росоман, во вредност од 800.000 евра (ЈП за државни патишта).
- Уредување на влезовите во Кавадарци – од Глишиќ и од Росоман, 500.000 евра (ЈПДП).
- Изградба на мост во село Ваташа, 500.000 евра (ЈПДП).
- Велосипедско-пешачка патека до Моклиште, 360.000 евра (Агенција за земјоделство и рурален развој).
- Рехабилитација на патниот правец Мушов Гроб – Мрежичко, 1.100.000 евра (ЈПДП).
- Рехабилитација на патниот правец Возарци – Раец – Фариш, 1.565.000 евра (Министерство за транспорт и врски).
- Рехабилитација на патот Горна Бошава – Долна Бошава, 320.000 евра (Министерство за транспорт и врски).
- Изградба и опремување на нов објект за градинката „Сонце“, 890.000 евра (МТСП).
- Изградба на спортска сала во ООУ „Страшо Пинџур“, 400.000 евра (МОН).
- Рехабилитација на улиците: „Илинденска“, „Браќа Џунови“, „Дисанска“, „Пионерска“, „Западен булевар“, „Димката А. Габерот“, „Слога“, „Вељко Влаховиќ“ и „Максим Горки“ – 1.100.000 евра (Проект за поврзување на локални патишта, Министерство за транспорт и врски).
- Изградба на водоводна мрежа за населбата Брушани, 420.000 евра (грант од ТАВ Македонија).
- Изградба на нов, модерен затворен базен, 830.000 евра (Агенција за млади и спорт).

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

Најголемиот дел од клучните капитални проекти, ветени сѐ уште не се реализирани.

- Гасификацијата, која е ветувана на сите избори, сѐ уште не е реализирана.
- Дом за стари лица - потпишан договор со министерката Јована Тренчевска, и сѐ уште нема ништо започнато.
- Дестилерија за решавање на проблемот со вишокот грозје, проект од кој се откажа градоначалникот.
- Изградбата на заобиколницата Маренски Уши - Дрекслермаер - Југокомерц - Катуниште, не е ниту започнат да се реализира.
- 3Д-кино, кое беше ветено во изборната програма во 2021 година, сѐ уште не е реализирано и Кавадарци.
- Доградба на спортска сала Јасмин, проект, кој на крајот на мандатот не е реализиран.
- Во неговиот мандат од седум години Општина Кавадарци од ниско задолжена општина, стана една од најзадолжените општини во државата.
- Имено, достасаните долгови на Општина Кавадарци денес изнесуваат 228.927.474 денари, достасаните долгови 153.996.718 денари, а кредитите 135.050.861, или вкупен долг само на општината изнесува 517.797.503, односно долгот на општината е зголемен за повеќе од десет пати во последните седум години и е поголем од еден оперативен буџет на општината.
- Покрај нереализираните ветувања во мандатот на Митко Јанчев, сериозно се зголемени локалните јавни давачки.





# МОЈАТА ВИЗИЈА

Мојата визија за Кавадарци е јасна: модерен, зелен, праведен и хуман град, каде што секој граѓанин ќе се чувствува слушнат, вреднуван и поддржан. Решив да се кандидирам за градоначалник бидејќи длабоко верувам дека Кавадарци може и мора да биде повеќе од тоа што е денес. Нашата општина има потенцијал да стане пример за одржлив развој, заедништво, иновација и живот со достоинство.

Сметам дека доброто планирање, транспарентноста и визијата не се луксуз, туку нужност. Ако сакаме Кавадарци да го задржи својот дух, но и да чекори напред, мораме да мислиме долгорочно за инфраструктурата, но и за луѓето, за економијата, за животната средина.

За денес, но и за иднината.

Во мојата програма се вклучени конкретни проекти со вистински импакт:

Агроберза за лозарите и земјоделците – за фер услови и сигурен пласман.

Зелен прстен околу градот – белите дробови на Кавадарци.

Гасификација – за почист воздух и пониски трошоци.

Прочистителна станица – за заштита на водите и природата.

Социјални станови и бесплатни градинки – затоа што никој не смее да биде заборавен.

Пешачки зони и културен развој – град за луѓето, не за автомобилите.

Сметам дека младите се двигател на иднината – тие треба да останат тука, да градат животи, семејства и бизниси. Ќе вложуваме во нивната едукација, креативност и учество во општествениот живот.

Ако сакаме да го задржиме животот во Кавадарци, мора да се справиме и со корупцијата, загадувањето, недовербата и иселувањето. Верувам дека преку отворена и отчетна локална власт можеме да ја вратиме надежта. Ќе ја приближиме општината до граѓаните – со дигитални услуги, јавни расправи, транспарентни трошоци и секојдневна достапност.

Не нудиме чуда. Нудиме чесна, посветена и темелна работа.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Намалување на сметките за комунални услуги за 30 % во првата година од мандатот!**

Сметките што ги наплаќа Јавното претпријатие „Комуналец“ во изминативе неколку години се зголемија значително.

Тоа најмногу се должи на лошото менаџирање со јавното претпријатие, вработувањето без потреба, а по партиски клуч, големите загуби на вода и сл.

Сериозно ќе се зафатиме со овие проблеми, со кратење на непландски трошења и во првата година од мандатот ќе ги намалиме цените на износ на смет, јавно зеленило, јавна чистота, со што граѓаните би плаќале до 30 % пониски сметки во однос на она што го плаќаат сега.





- **Намалување на цените, опфатот на улици и часови за наплата на паркинг**

Општина Кавадарци воведува нов, поедноставен и поевтин систем за јавен паркинг со цел подобрување на услугата и олеснување на граѓаните. Ќе се воведе т.н. „блок-час" – односно првите два часа паркирање ќе чинат исто како еден час сега. Пример, во прва зона првите два часа ќе чинат 30 денари, а секој следен час ќе се наплаќа по 30 денари.

Дополнително, се намалува опфатот на зоните за наплата – паркинг ќе се наплатува само во централното градско подрачје, а улиците на периферијата ќе бидат ослободени од наплата. Делот од улиците коишто актуелната локална власт ги смени од Ц во Б-зона, ќе ги укинеме, а дел ќе ги вратиме да бидат Ц-зона.

Се скратува и времето на наплата: во работни денови наплатата ќе завршува во 20:00 часот (наместо 22:00), а во сабота до 15:00 часот.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Бесплатна градинка за деца што потекнуваат од семејства со месечни приходи до 48.000 денари, односно имаат помали месечни приходи од две минимални плати.**

Секое дете заслужува еднаков старт во животот.

Ќе ја укинеме партиципацијата згрижување деца во детски градинки за семејства чии месечни приходи не надминуваат две минимални плати. Со ова овозможуваме достапност, социјална правда и ги намалуваме економските бариери за ран развој на децата.

- **Субвенционирање за полагање Б-категорија за возачка дозвола за млади до 29 години.**

- **Субвенционирање за купување огрев за социјално ранливи семејства.**

Ќе воведеме субвенција во висина до 50 % од трошоците за купување огрев (дрва, јаглен) за семејства што спаѓаат во социјално ранливи категории.



- **Ослободувањето од плаќање комуналии за млади брачни парови што ќе градат куќа.**
- **Создавање социјален фонд за ранливи лица.**
- **Бесплатен автобуски превоз за сите жители од селата.**

За жители што живеат во селата во Општина Кавадарци, со цел да им го олесниме пристапот до градот, односно полесно и без проблем доаѓаат, ќе воведеме бесплатни автобуски линии.

- **Поставување прочистителни филтри за вода во градинките.**
- **Хортикултурно и партерно уредување на сите детски градинки, со што децата ќе можат дел од активностите да ги извршуваат и во дворовите од градинките.**
- **Облагородување со дополнителни реквизити и играчки во сите детски градинки со цел поубаво и позабавно минување на времето во градинка.**
- **Поставување на неколку локации детски рекреативни центри опремени со играчки, каде што децата ќе можат да си играат и да се дружат.**
- **Воведување целодневен престој за деца од 6 до 10 години во сите основни училишта во Општина Кавадарци.**
- **Стипендирање на најдобрите десет ученици и студенти.**
- **Стипендирање на 15 млади спортисти**
- **Промовирање на практичната настава во средните училишта во соработка со бизнис-секторот, со цел оспособување на младите за пазарот на трудот.**
- **Натпревари за млади иноватори, при што Општина Кавадарци ќе ги субвенционира најдобрите идеи.**
- **Скратување на времетраењето на бирократските процедури за добивање на сите потребни дозволи и документи.**
- **Укинување на непотребните административни постапки.**
- **Субвенционирање за купување опрема за заштита од град на индивидуални земјоделци и физички лица.**
- **Воведување радарска служба.**

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Бизнис-центар за развој на претприемаштвото – Кавадарци

Кавадарци има голем број креативни, млади и амбициозни луѓе што често немаат пристап до потребната поддршка за започнување сопствен бизнис. Затоа предлагаме формирање модерен Бизнис-центар за развој на претприемаштвото, кој ќе биде клучна алатка за економски развој на општината и за задржување на младите.

Центарот ќе служи како инкубатор за стартапи, со ко-воркинг простор, техничка и правна поддршка, менторски програми и обуки. Ќе обезбедува бесплатни курсеви по бизнис-планирање, дигитален маркетинг, финансии и менаџмент. Посебна програма ќе биде наменета за млади иноватори и ученици од средните училишта, со цел рано препознавање и развој на претприемачки потенцијал.

Центарот ќе организира хакатони, бизнис-натпревари и стартап-викенди, како начин за генерирање иновативни идеи и поврзување со инвеститори. Ќе се поддржат и жени претприемачи и социјални бизниси, со цел инклузивен и одржлив развој.

Проектот ќе се реализира со средства од општинскиот буџет и преку аплицирање за европски и национални фондови, во соработка со стопански комори и невладини организации..

**Влијание на проектот:**
Овој бизнис-центар за развој на претприемаштвото ќе придонесе за економски развој на општината и за задржување на младите, но и поддршка на жените претприемачи и социјалните бизниси, со цел инклузивен и одржлив развој на општината.

**Целна група:**
Млади, претприемачи

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
40.000.000

## Гасификација

Еден од стратегиските проекти за модернизација на Кавадарци е воведувањето систем за гасификација – алтернатива што овозможува почист, поевтин и еколошки ефикасен енергетски извор за домаќинствата, индустријата и јавните установи.

Во моментов, најголем дел од граѓаните и објектите во градот користат дрва, нафта или струја за греење, што е скапо, загадувачко и неефикасно. Со гасификацијата ќе се овозможи значително намалување на загадувањето на воздухот, особено во зимските месеци, кога концентрацијата на ПМ-честички е највисока.

Проектот предвидува изградба на гасоводна мрежа во фази – прво до јавните институции (училишта, болница, општина), потоа до индустриските капацитети и конечно до домаќинствата. Ќе се овозможи и приклучок за нови екообјекти и деловни зони.

Гасификацијата ќе придонесе за енергетска ефикасност, долгорочни заштеди за граѓаните и подобрување на квалитетот на животот. Освен економска корист, овој проект е силен потег во борбата против климатските промени и за исполнување на националните и европските еколошки стандарди.

Финансирањето ќе биде обезбедено преку државни фондови.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе има големо влијание врз животната средина, бидејќи Кавадарци е град со најзагаден воздух, како и врз домаќинствата, а особено компаниите што добиваат евтин енергенс.

**Целна група:**
Домаќинства

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
100.000.000

## Изградба на пречистителна станица за отпадни води – Кавадарци

Со години Кавадарци се соочува со сериозен проблем: отпадните води од домаќинствата, индустријата и земјоделството се испуштаат директно во природата – во реката Луда Мара и околните почви. Ова претставува директна еколошка и здравствена закана за граѓаните, животната средина и идните генерации.

Затоа предлагаме стратегиски проект – изградба на современа пречистителна станица за отпадни води, која ќе овозможи прочистување на урбаните и индустриските води пред нивно испуштање во реката.

Станицата ќе користи еколошки и енергетски ефикасни технологии, со можност за повторна употреба на пречистената вода за наводнување или за индустриска употреба. Овој проект ќе придонесе за заштита на водните ресурси, почвата и биодиверзитетот во регионот.

Со реализацијата, Кавадарци ќе ги исполни обврските од европските еколошки стандарди и ќе добие право на дополнителна финансиска поддршка од ЕУ и од државни фондови. Проектот ќе се реализира во фази, со поддршка од Министерството за животна средина, фондовите за заштита на водите и прекуграничните програми.

Оваа инвестиција значи: чиста вода, здрави граѓани, заштитена природа и подобра иднина. Ќе се создадат и нови зелени работни места за инженерски и технички кадар.





Пречистителната станица е неопходен проект за здрав, модерен и еколошки одржлив Кавадарци. Градот заслужува долгорочно решение, а не импровизации. Време е да се стави крај на загадувањето и да се инвестира во чиста иднина.

**Влијание на проектот:**
Кавадарци е еден од градовите каде што не се врши третман на отпадни води, односно канализацијата се испушта директно во реката. Со тоа се загадува животната средина што влијае врз егзистенцијата на населението што живее во тие области. Со овој проект за пречистителна станица трајно се решава проблемот со отпадните води во општината и се подигнуваат стандардите за заштита на животната средина.

**Целна група:**
Сите граѓани

**Рок на реализација**
2029 година

**Буџет**
250.000.000

## Агроберза

СПроектот за агроберза за грозје има цел да го унапреди пазарот на грозје, обезбедувајќи платформа што ќе ги поврзе производителите со купувачите, како што се винарници и трговци. Овој проект ќе им овозможи на земјоделците да го понудат своето производство, а купувачите да ги разгледуваат понудите и да склучуваат договори по поволни услови.

Првата компонента на проектот е платформата за трговија, која може да биде дигитална или физичка, каде што производителите ќе ги поставуваат своите понуди со информации за сортите, количините и цените. Платформата ќе биде корисна за олеснување на процесот на преговори и потпишување договори меѓу производителите и купувачите, што ќе го забрза процесот на продажба и купување.

Проектот ќе вклучува и логистичка поддршка, обезбедувајќи решенија за транспорт на грозје од земјоделците до преработувачите и винарницит е, што ќе ја подобри ефикасноста на трговијата.

Овој проект ќе им овозможи на земјоделците да имаат поголем пристап до купувачи, што ќе го зголеми нивниот пазарен потенцијал. Исто така, ќе ја поттикне конкуренцијата и ќе доведе до подобрување на квалитетот на производите.

Проектот за агроберза ќе го реши проблемот со откупот на земјоделските производи, како и откупната цена.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе влијае врз решавање на проблемот со откупот на грозјето како и со другите земјоделски производи, но и со откупната цена. Ова ќе придонесе за отворање нови пазари и можности за земјоделците, подобар пласман и подобрување на нивниот стандард.

**Целна група:**
Земјоделци

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
10.000.000

## Зелен прстен околу Кавадарци

Проектот „Зелен прстен околу Кавадарци" претставува иницијатива за создавање континуиран појас од зеленило што ќе го опфаќа градот Кавадарци од сите страни, со цел подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на урбаната топлина и зголемување на рекреативните и еколошките вредности.

Проектот вклучува пошумување на периферните делови на градот, особено на запуштените и деградирани простори коишто се погодни за садење автохтони и отпорни растителни видови. Во рамките на прстенот, ќе се формираат уредени паркови и рекреативни зони со патеки за пешачење и велосипедизам, места за одмор, детски игралишта и едукативни екопунктови. Секоја зона ќе биде планирана во соработка со локалните власти, граѓански здруженија и шумарски експерти, со посебен акцент на заштита на постојните природни ресурси и вклучување на локалната заедница во процесот на реализација и одржување.

Преку овој проект ќе се зајакне зелената инфраструктура и ќе се овозможи долгорочна еколошка стабилност на регионот.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе влијае врз подобрувањето на животната средина, намалување на загадувањето на воздухот и креирање место каде што граѓаните би се рекреирале.

**Целна група:**
Сите граѓани на Општина Кавадарци

**Рок на реализација**
2029 година

**Буџет**
100.000.000

# ПРОЕКТИ

## Старечки дом

Проектот за изградба на старечки дом во Кавадарци има цел да обезбеди соодветна грижа за постарите лица и да го подобри нивниот квалитет на живот. Во контекст на демографските промени и стареењето на населението, старечкиот дом ќе понуди сигурно и удобно место за живот на старите лица што не можат да се грижат за себе поради физички, психолошки или здравствени причини.

Важен аспект на проектот ќе биде обезбедување социјални простори и организирање активности што ќе ги поттикнуваат старите лица на социјализација, како што се културни настани, игри и други активности што ќе ја подобрат нивната психофизичка состојба. Целта е да се создаде заедница во која старите лица ќе се чувствуваат сигурно и почитувано.

За реализација на проектот ќе бидат ангажирани квалификувани медицински лица и негуватели коишто ќе обезбедат висококвалитетна грижа за корисниците.

Овој проект ќе биде важен не само за старите лица, туку и за целокупната заедница, обезбедувајќи еден нов квалитетен социјален и здравствен сервис во Кавадарци, кој ќе биде во согласност со современите европски стандарди за грижа на старите лица.

**Влијание на проектот:**
Старечкиот дом е потреба на пензионерите во Општина Кавадарци, кој ќе им овозможи пристоен престој во нивните пензионерски денови.

**Целна група:**
Пензионери

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
60.000.000





## Народна кујна

Народната кујна може да комбинира два концепта: обезбедување храна за социјално  загрозените лица и продажба на храна по пониски цени за другите граѓани. Овој модел ги обединува солидарноста и самоодржливоста, создавајќи можности за поддршка на различни групи во заедницата.

Концептот започнува со основната цел да се обезбеди бесплатна или поволна храна за оние што се социјално загрозени, сиромашни лица или старци. Ова е основна мисија на народната кујна, која се грижи за оние што се во неволја и не можат да си дозволат редовни оброци. Од друга страна, воведувањето продажба на храна по пониски цени за сите граѓани обезбедува можност за сите, без разлика на нивната економска состојба, да уживаат во здрави и пристапни оброци.

Овој пристап има многубројни предности. Прво, доходот од продажбата на храна може да помогне во покривањето на оперативните трошоци на народната кујна и да ја направи иницијативата финансиски одржлива. Второ, создава солидарност меѓу различните општествени слоеви, обединувајќи ги заедницата и поттикнувајќи меѓусебна помош. Трето, проектот може да соработува со локални фармери и производители, што ќе ги поддржи локалните економии и ќе обезбеди свежи, нутритивно вредни оброци.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе им обезбеди оброк бесплатен на лицата што имаат ниски приходи, што доаѓаат од социјално загрозени семејства, здрав оброк секој ден.

**Целна група:**
Социјално ранливи

**Рок на реализација**
2026 година

**Буџет**
5.000.000

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ

## Тампонирање, одржување и санација на полските патишта до земјоделските површини

Поради поројни дождови и други временски непогоди, овие полски патишта се слабо проодни за земјоделците, за нивните моторни возила и за нивната механизација. Но тие досега беа заборавени од Општина Кавадарци, па од исклучително значењето е да бидат добро проодни, со цел подобра пристапност на земјоделците до своите површини за извршување на работата, како и помало оштетување на механизација што ја користат.

За таа цел, Општина Кавадарци ќе започне со постепено тампонирање на овие патишта, но истовремено со сопствена механизација ќе врши нивно редовно одржување и санација.

Со ова земјоделците и другите граѓани што се движат во овие предели, ќе добијат проодни патишта во секој период од годината.

**Влијание на проектот:**
Овој проект им обезбедува подостапни патишта на лицата што поседуваат лозови насади.

**Целна група:**
Земјоделци

**Рок на реализација**
2029 година

**Буџет**
60.000.000





## 3Д-киносала

Проектот „3Д-кино" има цел да воведе современо и интерактивно кино-искуство во градот, со што ќе се зголемат културните и забавните содржини достапни за граѓаните, особено младата популација. Со отворањето 3Д-кино, ќе се понуди нов начин на визуелна едукација, забава и комуникација преку филмови со висока резолуција и тридимензионални ефекти што овозможуваат подлабоко доживување на содржината. Покрај забавната функција, киното ќе има и едукативна улога преку проекции на документарни и научни филмови наменети за ученици.

Проектот ќе придонесе за збогатување на културната понуда и развој на аудиовизуелната уметност на локално ниво.

**Влијание на проектот:**

Проектот има позитивно влијание врз културниот и социјалниот живот на заедницата, нудејќи современо 3Д-кино искуство што го поттикнува образованието, забавата и младинската активност.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2025 година

**Буџет**

5.000.000

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција на фудбалското игралиште во Глишиќ и Ваташа, како и изградба на соблекувални

Состојбата во која се наоѓаат игралиштата во Ваташа и Глишиќ е навистина очајна. Игралиштата се целосно заборавени, запуштени од страна на сегашната локална власт.

На сите оние што се занимаваат со фудбал, им е отежнат тренажниот процес поради лошите услови на игралиштето. Токму поради ова се појавува потреба од целосна реконструкција на тревникот и соблекувалните на игралиштето.

Покрај ова, ќе изградиме нови соблекувални, кои досега ги немаше на ова фудбалско игралиште. Со овој проект фудбалерите, спортистите добиваат место за играње фудбал, за спортување и рекреација.

### Влијание на проектот:

Овој проект ќе има позитивно влијание врз младите лица, рекреативците од овој дел на градот, со кои ќе им се овозможи нормални услови за тренинг и рекреација.

### Целна група:

Фудбалери, деца, рекреативци

### Рок на реализација

2027 година

### Буџет

5.000.000





## Поставување нова современа подлога на спортските игралишта во сите средни и основни училишта во Кавадарци

Игралиштата што се во склоп на основните и средни училишта во Општина Кавадарци се наоѓаат во навистина лоша состојба. Овие игралишта се мошне користени од страна на професорите и учениците за одржување час по Физичко и здравствено образование, но и од страна на рекреативците кога тоа го дозволуваат временските услови. Ние сакаме да обезбедиме подобри услови за спортување на овие лица. Токму поради ова, во сите средни и основни училишта ќе направиме реконструкција фудбалски игралишта со поставување вештачка трева, а пак на кошаркарските терени ќе биде поставена нова современа мултифункционална гумена лиена подлога.

Со овој проект ги подобруваме условите за спортување и држење на настава.

### Влијание на проектот:

Со овој проект значително ќе се подобрат условите за спортување на ученици и рекреативци.

### Целна група:

Спортисти, ученици

### Рок на реализација

2026 година

### Буџет

3.000.000

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ

## Социјални станови

Во Општината Кавадарци, голем е бројот на социјално загрозените семејства што не можат да си обезбедат свој дом.

Токму од ова причина, сметаме дека општината треба да им помогне, да им излезе во пресрет на овие семејства и да им обезбеди дом.

Ние ќе изградиме нови станбени објекти што ќе бидат наменети за вдомување социјално загрозени семејства за да им помогнеме тие да имаат свој дом и да ја градат иднината овде, во Кавадарци.

Со изградбата на овие станови би им се помогнало социјално загрозените семејства да дојдат до сопствен дом, бидејќи тоа е еден од приоритетните услови за оформување семејство и градење заедничка иднина во родениот град.

### Влијание на проектот:

Проектот ќе има големо влијание врз социјално загрозените семејства, односно оние семејства што не можат да обезбедат сопствен дом.
Ќе влијае значително врз подобрувањето на условите за животот на овие граѓани во Кавадарци.

### Целна група:

Социјално загрозени семејства

### Рок на реализација

2029 година

### Буџет

150.000.000





## Градско шеталиште

Проектот за адаптација на градското шеталиште предвидува затворање на улицата „Илинденска", до стара автобуска, со изградба на подземни коридори за автомобили на спојот на улица „Илинденска" со улиците „Цано Поп Ристов" и „7-ми Септември" во целосно пешачка зона.

Со тоа ќе се создаде безбедно, атрактивно и функционално јавно пространство за граѓаните на Кавадарци.

Со затворање на овие улици за моторен сообраќај, ќе се намали загадувањето и бучавата во центарот на градот, а ќе се зголеми квалитетот на урбаниот живот преку создавање простор наменет за шетање, одмор, социјализација и културни активности. Проектот предвидува уредување со урбана опрема – клупи, жардинери, улично осветлување, фонтани.

Особено внимание ќе се посвети на зеленилото и сенката, како и на пристапноста за лица со попреченост.

Оваа адаптација ќе придонесе за ново урбано јадро што ќе ги поттикнува локалните бизниси, туризмот и јавниот живот.

### Влијание на проектот:

Проектот позитивно влијае врз урбаниот развој и квалитетот на животот, создавајќи безбедно шеталиште што го поттикнува социјалниот, економскиот и еколошкиот напредок на градот.

### Целна група:

Сите граѓани

### Рок на реализација

2027 година

### Буџет

10.000.000

# ПРОЕКТИ

## Едносменска настава во училиштата

Училиштата имаат големи придобивки во делот на организирање на наставата во една смена. Со организирање на наставата во една смена, се прават значителни заштеди на средства за електрична и грејна енергија, кои подоцна овие средства училиштата можат да ги користат за други намени, односно за инвестиции во одредени објекти, опрема и сл.

Токму поради ова, наша заложба е воведување едносменска настава во училиштата во Кавадарци. Во мандатот од четири години планираме изградба и опремување на доволно простории за одвивање едносменска настава во училиштата: ОУ „Тоде Хаџи-Тефов“, ОУ „Тошо Велков-Пепето“ и ОУ „Гоце Делчев“.

### Влијание на проектот:

Проектот за едносменска настава ќе им овозможи на децата повеќе време за квалитетно учење, игра и воннаставни активности во подобри услови, што позитивно ќе влијае врз нивниот психофизички развој. Истовремено, рационализацијата на ресурсите во една смена ќе доведе до пониски оперативни трошоци за училиштата и поефикасно користење на просторот и кадарот.

### Целна група:

Ученици

### Рок на реализација

2029 година

### Буџет

100.000.000





## Развој на винскиот туризам и промоција на Тиквешкиот Регион како вински регион

Општина Кавадарци има сериозен потенцијал за развој на вински туризам и промоција на Тиквешкиот Регион како познат вински регион.

Со добра кампања, Кавадарци и целиот Тиквешкиот Регион може да се промовира како мошне атрактивна туристичка дестинација.

За таа цел, ние ќе направиме:

• Вински пат покрај кој ќе има неколку вински ресторани, каде што ќе може се промовира автентично вино од Тиквешкиот Регион;

• Ќе состави тимови од луѓе, вработени во општините од регионот, кои по саемите од Балканот и Европа, ќе ги промовираат вината од овој регион;

• Ребрендирање на Тиквешки гроздобер, во фестивал каде што клучна ќе биде промоцијата на вината од овој регион.

• Св. Трифун, како празник значаен за овој регион, ќе се промовира како локален празник за Кавадарци со интересни културно-уметнички содржини и настани.

• Еден викенд од годината во винскиот музеј ќе организира саем на вино, на кој ќе присуствуваат домашни и странски гости.

### Влијание на проектот:

Со овој проект ќе ја засилиме промоцијата на нашето вино како и промоција на Тиквешкиот Регион како познат вински регион.

### Целна група:

Винарници, угостители, сопственици на дуќани и други бизниси

### Рок на реализација

2026 година

### Буџет

2.000.000

# ПРОЕКТИ

## Уредување на Тиквешко Езеро

Уредување на Тиквешко Езеро е проект од големо значење за развојот на туризмот, локалната економија и заштитата на природните ресурси. Езерото претставува едно од најголемите и најубавите вештачки езера во Македонија, но недоволно искористено и уредено за рекреативни цели.

Со тампонирање на пристапните патишта ќе се обезбеди подобра поврзаност и достапност до езерото, што ќе овозможи зголемен број посетители, особено во летниот период. Ова е особено важно за жителите на околните населби, но и за туристите од поширокиот регион.

Поставување 24-часовна заштита на чамците преку ангажман на комунално претпријатие ќе ја зголеми безбедноста на имотот на граѓаните и ќе придонесе за ред и контрола во пристанишниот дел.

Дополнително, уредување на плажа за капење и рекреација ќе создаде услови за здрав и активен одмор, особено за младите и семејствата. Овој потег ќе го разубави просторот, ќе овозможи еколошко искористување на природата и ќе даде нова економска димензија на регионот преку развој на локални бизниси (изнајмување опрема, угостителски услуги и слично).

### Влијание на проектот:

Проектот ќе овозможи подобра пристапност, безбедност и атрактивност на Тиквешко Езеро, со што ќе се поттикне развојот на локалниот туризам и рекреација. Дополнително, ќе се создадат услови за нови економски активности и еколошко уредување на просторот.

### Целна група:

Сопственици на викендички, туристи, угостители

### Рок на реализација

2026 година

### Буџет

6.000.000





## Велосипедски патеки

Проектот за изградба на велосипедски патеки во Кавадарци има цел да овозможи безбедно, здраво и еколошко движење на граѓаните низ градот, како и да придонесе за модернизација на урбаната инфраструктура. Во последните години интересот за користење велосипеди и електрични тротинети значително се зголеми, особено кај младите, учениците и рекреативците. Меѓутоа, отсуството на посебни велосипедски патеки претставува сериозен безбедносен ризик и пречка за поинтензивно користење на овие алтернативни превозни средства.

Проектот предвидува обележување и изградба на велосипедски патеки на неколку главни и споредни улици, со приоритет на рутите што поврзуваат училишта, спортски објекти, паркови, општински институции и поголеми населени места.

Бенефициите од реализацијата на овој проект се повеќекратни: зголемена безбедност на велосипедистите, намалување на сообраќајниот метеж и загадувањето, промоција на здрави животни навики и поттикнување урбана мобилност. Дополнително, со вакви инвестиции, Кавадарци ќе се доближи до современите европски градови каде што велосипедизмот е важен дел од сообраќајната култура. Ова е проект со висока додадена вредност, кој ќе има долгорочен позитивен ефект врз квалитетот на животот на граѓаните.

### Влијание на проектот:

Проектот за велосипедски патеки ќе го подобри квалитетот на животот преку безбедно и еколошко движење, намалување на сообраќајниот метеж и загадувањето. Дополнително, ќе поттикне здрави животни навики и ќе ја зголеми мобилноста на сите граѓани, особено кај младите.

### Целна група:

Велосипедисти

### Рок на реализација

2027 година

### Буџет

10.000.000

# ПРОЕКТИ

## Проширување на системот „Безбеден град“

УПроектот за проширување на системот Безбеден град во Кавадарци има цел зголемување на безбедноста и мониторингот на јавните површини.

Ќе се поставаат дополнителни камери во градскиот парк, помали паркчиња и други јавни места што не се опфатени со тековниот систем. Камерите ќе овозможат следење во живо, брза реакција на инциденти и подобра превенција од криминалитет, како и во однос на уништувањето на урбана опрема и јавни добра.

Инсталацијата ќе биде со модерна опрема благодарение на висококвалитетен видеонадзор, со цел заштита на приватноста и сигурноста на граѓаните.

Дополнителните камери ќе овозможат поширок опфат, поголема безбедност и полесна идентификација на инциденти, што ќе придонесе за подобра животна средина и доверба во јавните услуги.

### Влијание на проектот:

Проектот ќе го подобри безбедноста на граѓаните во Кавадарци преку поголем мониторинг на јавните површини, што ќе доведе до намалување на криминалот и безбедносните ризици. Натамошно, тоа ќе ја зголеми довербата во јавните служби и ќе поттикне чувството на сигурност и комфор кај жителите и посетителите на градот, создавајќи подобри услови за живеење.

### Целна група:

Сите граѓани

### Рок на реализација

2026 година

### Буџет

2.000.000





## Изградба на затворен фудбалски терен (балон)

Во одредени периоди од годината, на студ, снег, дожд, отворените игралишта не можат да се користат за спортување. Поставување затворен фудбалски терен (балон) е со цел да им се овозможи на рекреативците да можат да играат фудбал, да спортуваат во текот на целата година.

### Влијание на проектот:

Со овој проект се овозможува простор за спортување, играње фудбал на рекреативци во целиот период од годината.

### Целна група:

Спортисти

### Рок на реализација

2027 година

### Буџет

5.000.000

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## Кула

1. Изградба на тротоар на ул. „Ѓорѓи Соколов“, споредни улици;
2. Реконструкција на тениски терени на ул. „Ѓорѓи Соколов“;
3. Поставување нови лулашки и реквизити за деца на ул. „Орце Николов“;
4. Замена на урбана опрема на „музичкото“ паркче;
5. Обележување на велосипедска патека
6. Партерно уредување на зградите кај „Ѓорѓи Соколов“
7. Фитнес-зона на кеј на реката Луда Мара
8. Партерно уредување на просторот околу новите згради на ул. „Ѓорѓи Соколов“
9. Поставување фонтани за вода за пиење на ул. „Блажо Алексов“
10. Реконструкција и уредување на кулата во Кавадарци
11. Обезбедување пристап за противпожарни возила на градскиот пазар

## Ќиро Крстев

1. Асфалтирање на игралиштето на улица „Клинска“
2. Подобрување на уличното осветлување
3. Изградба на мини паркче за забава и рекреација со летувалишта
4. Поставување семафори на крстосницата кај „Јаворот“
5. Дислокација на Центарот за зависници од дрога
6. Зголемување на нивото на јавната чистота
7. Изградба на спортско игралиште за деца
8. Обележување на простор за велосипедска патека
9. Редовно чистење на кејот на реката Луда Мара

## Браќа Досеви

1. Поставување хидранти за противпожарна заштита на улиците: „Добри Даскалов“, „Вано Гунов“, „Браќа Досеви“, „Марксова“, „Кожуф“

2. На ул. „Диме Поп Атанасов“ – поставување нова фекална канализација, нова атмосферска канализација, тампонирање и поставување нови бехатон-плочки по цела должина на улицата

3. На ул. „Данчо Поп Атанасов“ – поставување атмосферска канализација и бетонирање на вториот дел од неа

4. На ул. „Добри Даскалов“ – замена на атмосферската и фекалната канализација (вклучувајќи ги и слепите помошни улички), нов тампон и нови бехатон-плочки по цела должина

5. Подобрување на уличното осветлување по цела должина на ул. „Добри Даскалов“ и нејзините краци

6. Подобрување на уличното осветлување на ул. „Вано Гунов“ и на ул. „Браќа Досеви“

7. Прередување на бехатон-плочките на ул. „Вано Гунов“ по цела должина

8. Проширување на ул. „Фердо Росомански“ во тесниот дел и подобрување на уличното осветлување

## Љубаш

1. Хортикултурно уредување околу зградите во новиот центар
2. Поставување подземни контејнери за различни отпадоци во новиот центар
3. Изградба на зграда за млади брачни парови и за социјално загрозени семејства
4. Обновување на фасадите на најстарите згради во Љубаш
5. Реконструирање на оштетените тротоари, особено во споредните улици
6. Асфалтирање на споредни улици
7. Изградба на игралиште за деца во близина на црквата и УЈП

## Слога

1. Реконструкција на улица „Карпош“
2. Воведување на технолошка вода
3. Изградба на ново игралиште за деца
4. Санитарење и бетонирање на долот (каналот) на улица „Горе Брушански“
5. Изградба на пешачка патека на улица „Горе Брушански“
6. Подобрување на сообраќајната сигнализација
7. Изградба на нова улица во близина на улицата „Праведничка“
8. Реконструкција на детското игралиште на улица „16 Јуни“

## Страшо Пинџур

1. Поставување лулашки за деца на улица „Бигла“

2. Изградба на патека од салата „Партизан“ до „Марена“, наменета за велосипеди и електрични тротинети

3. Партерно уредување на Северен булевар

4. Поставување гелендер во подземен режим, кој ќе се користи само по потреба (зимски услови) на улиците „Доно Попов“ и „Личка“, со цел безбедно движење на граѓаните

5. Садење дрвја на цела територија на Голи Оток, како дел од еколошка акција за разубавување и сенчење;

6. Изградба на фонтани за разладување во градскиот парк, со цел разубавување и подобрување на условите за прошетка

7. Реконструкција на оградниот ѕид на Градскиот стадион и реновирање на соблекувалните

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

8. Садење дрвореди на новоизградените улици во Голи Оток, за подобрување на амбиентот и условите за живот

9. Доградба на салата „Партизан“, со цел да се користи како простор за бесплатен престој на деца од претшколска возраст

10. Озеленување на кејот, со садење дрвја барем на едната страна, за да биде пријатно и во текот на денот

11. Уредување на мало паркче со лулашки на улица „Владимир Назор“ на Голи Оток, кое моментално е запуштено – нема ништо останато освен една клупа

12. Изградба на улица „Бигла“ – пробивање и поврзување со новоизградената улица и изградба на потпорни ѕидови поради конфигурацијата на теренот

## Задругар

1. Уредување на каналот - долот покрај улица „Ѓоре Брушански“ (уредување на кеј, пешачка патека, осветлување, одвод за надојдени води)
2. Асфалтирање на ул. „Диме Туриманџов“
3. Асфалтирање на ул. „Задругарска“ и поставување лежечки полицајци (или друг тип уреди за намалување на брзината на движење на автомобили и мотоцикли) заради чести сообраќајни незгоди на раскрсница со ул. „Народен фронт“
4. Асфалтирање на ул. „Црноречка“ и изградба на тротоар
5. Изградба на тротоар спроти новата градинка „Сонце“, на улица „Ресавска“
6. Ново идејно сообраќајно решение на раскрсницата кај Рогушот, улица „Ресавска“, поради чести сообраќајни незгоди

## Ваташа

1. Поставување потпорен ѕид на „Киро Арсов“
2. Обиколница од местото Катунште до компанијата „Југокомец“
3. Реконструкција на фудбалското игралиште во Ваташа
4. Санација на улица „Страшо Пинџур“ кај „Силекс“ зградите (карамбол)
5. Санација и одржување на полскиот пат кој започнува од „4-ти Ма“ј и води кон лозовите насади
6. Велосипедска патека
7. Редовно чистење и одржување на кејот
8. Поставување на подземни контејнери

### Браќа Џунови

1. Осветлување на простор на задната страна од ОУ ДАГ Кавадарци, односно пред зграда на ул. „Браќа Хаџи Тефови"
2. Поставување паметни клупи на кеј
3. Реквизити и лулашки кај полициско паркче
4. Пристапни рампи на кеј Луда Мара
5. Реновирање на лулашки трафостаница
6. Катче за рекреација за најмали деца кај парк полиција
7. Подземни контејнери на ул. „Рајна Соколова"
8. Реорганизација на паркинг околу ОУ ДАГ

### Возарци

1. Поставување улично осветлување до стариот мост
2. Изградба на простор за амбуланта
3. Тампонирање на стариот пат Возарци - Дреново, како и другите полски патишта каде што има земјоделски површини
4. Изградба на рекреативен центар за деца
5. Велосипедска патека од почеток на Возарци, па до стариот мост
6. Кружен тек на влезот на Возарци
7. Зголемување на зелените површини во селото, како редовно одржување на истите
8. Поставување тротоар и улично осветлување кај регионалниот пат
9. Приклучок на пивка вода за пиење

### Марена

1. Доизградба на улица од основното училиште во Марена до Мак комерц
2. Помошен мост на Овчка Река, кај училиштето во Марена
3. Чистење и одржување на кејот на Овчка Река
4. Чистење на долот спрема село Дисан
5. Изградба на мини парк во село Марена
6. Довршување на колекторскиот систем
7. Атмосферска канализација на улица „Маршал Тито"
8. Довршување тротоар на улица „Маршал Тито"

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **Бошавија (Страгово, Крњево, Бохула, Чемерско, Долна Бошава, Горна Бошава, Конопиште, Бојанчиште, Горниково, Мајден, Рожден, Мрежичко)**

1. Одржување на тековна и проширување на патна, водоводна и канализациска мрежа
2. Поддршка и промоција на традиционални настани карактеристични за овој регион
3. Изградба на пат Конопиште - Горна Бошава
4. Електрификација Конопиште - Лукар
5. Реконструкција на пат Мрежичко Мајден со кракот до Рожден

- **Глишиќ**

1. Тампонирање, санација и одржување на полски патишта
2. Реконструкција на фудбалското игралиште
3. Преадаптација на училиштето во детска градинка
4. Игралиште за деца

- **Ресава**

1. Реконструкција на просториите на училиштето
2. Преадаптација на поштата во селска амбуланта
3. Изнесување на отпадот (намалување на цената)
4. Реконструкција на улиците во селото

- **Бегниште**

1. Асфалтирање на улицата кај гробиштата
2. Вода за наводнување (технолошка вода)
3. Мини винарска визба

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА